UNITED NATIONS
NORTH MACEDONIA

# БИЛТЕН ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

13

# ЈУЛ 2021



## НАСЛОВИ

**Уводник:** Охрид стр **1**

**ОН активности** стр **2, 3** и **4**

**Во фокус** стр **4**

## ПОВАЖНИ НАСТАНИ

### ЈУЛИ

**1** Шар Планина е прогласена за Национален парк од Собранието на Северна Македонија, со поддршка на УНЕП.

**1-3** Обука за родово-одговорно буџетирање за претставници на Државниот завод за ревизија, организирана од UN Women

**7-8** Работилница организирана од UN Women за 21 единица на локална самоуправа како дел од поддршката за родово-одговорно буџетирање

**8** Објавување на Светскиот извештај за дрога, 2021 на УНОДЦ, во кој е дадена длабинска анализа на глобалните пазари на дрога и сеопфатна слика за мерливите ефекти и потенцијалното влијание на кризата со КОВИД-19 врз светскиот проблем со дрогата.

**9** Затворање на 10-дневната обука за наставници од основни училишта и воспитувачи во градинки околу интеграција на животната средина и климатските науки во наставната програма, организирана од УНИЦЕФ како дел од програмата за едукација за животната средина.

**12** Работилница за поттикнување меѓуинституционална размена на информации за случаи поврзани со огнено оружје, организирана од УНОДЦ.

**13** Започнување со расчистување на поранешната фабрика ОХИС, поддржано од УНОПС/УНИДО, што се очекува да заврши до јули 2021 година.

**14** Промоција на прирачникот поддржан од УНФПА за семејствата на деца со нарушувања од аутистичниот спектар „Живот со аутизам – предизвици и стратегии за поддршка“.

**14-15** Работилница организирана од УНДП со претставници на девет општини од Полошкиот регион, за управување со намалување на ризиците од катастрофи.

www.facebook.com/1un.mk

www.twitter.com/1UN_MK

## УВОДНИК од постојаниот координатор на ОН

Комитетот за светско наследство на УНЕСКО не го додаде Охрид на листата на загрозени локалитети на светското наследство на 44-та седница во јули 2021 година, што е важна одлука која носи три клучни пораки:

Прво, со оваа одлука не се намалува итноста за дејствување, туку – напротив – се сигнализира дека времето истекува.

Со децении, Охрид е под налетот на несоодветни и чести дивоградби, лошо управување со риболовот и недостаток на заштита за неговиот подводен живот. Потребата за зачувување на неговите природни и културни богатства наидува на апатија. Огромните проблеми со кои Охрид денес се соочува налагаат холистички пристап за да се поправи штетата што се акумулира со години, па најголемо значење треба да се даде на идното планирање и управување со локалитетот. Времето за дејствување е СЕГА!

Второ, добивањето уште две години за значително зголемување на напорите кон корективни мерки и подобрување на управувањето со локалитетот претставува огромна можност. Сите напори мора да се удвојат за неговите вредности што поскоро да се вратат. Ова ќе бара координирана акција и тесна соработка на сите чинители, при што главната улога ќе ја имаат централната и локалната власт, граѓанските организации (ГО), приватниот сектор, граѓаните од околните населби, туристите и меѓународната заедница. Ги поздравувам неодамнешните напори на Владата на Северна Македонија и општините Охрид и Струга и ги пофалувам посветените напори на граѓанскиот сектор. Семејството на ОН во Северна Македонија е подготвено да обезбеди поддршка за Охрид да остане надвор од Листата на загрозено светско наследство!

На крајот, судбината на Охридското природно и културно наследство ја покажува важноста на заедничкото дејствување или недостаток на истото. Мораме заеднички да дејствуваме бидејќи Охрид е заедничко добро, споделено од луѓето што живеат на неговите брегови, општините и државните институции кои управуваат со огромното природно и културно богатство. За сите нас, за сите македонски граѓани и граѓаните во светот, Охрид претставува богатство за целиот свет, и наша заедничка должност е да го заштитиме и да го зачуваме за нашата и идните генерации.



Влошувањето на Охрид во последните неколку децении е остар потсетник за влијанието на човековото однесување врз природното и културното наследство. Не смееме да чекаме нашето заедничко наследство да биде ставено на загрозена листа за да ги промениме нашето однесување и практики. Да појаснам, тоа не значи дека треба да го запреме сиот развој, туку дека треба да обезбедиме одржлив развој и постапување. Ова е суштината на Агендата до 2030 година.

Мораме превентивно да преземеме смели и трансформативни чекори што ќе водат кон подобрувања во сите три димензии на одржливиот развој: економската, социјалната и еколошката. Заземањето холистички пристап е клучот за обезбедување одржлив развој што сакаме да го видиме во Охрид и секаде на друго место. Мораме да дејствуваме сега за да го заштитиме Охрид и сите други богатства на Северна Македонија.

**Росана Дуџак**
Постојан координатор на Обединетите нации во Северна Македонија

# ОН активности

**Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП)**, во партнерство со Министерството за труд и социјална политика и Националниот сојуз на слепи лица, ја лансира првата апликација за синтеза на природен глас и говор на македонски јазик. Оваа апликација, наречена Кико, е бесплатна и лесна за употреба за сите возрасти, но пред сè е развиена за да им помогне на над 3.000 слепи или лица со оштетен вид во земјата да се движат низ светот на информациите преку превод на дигитален текст во глас на нивниот мајчин јазик. Апликацијата е достапна на десктоп и уреди со Андроид преку апликацијата РХВоис Плеј Стор (RHVoice Play Store); изберете македонски јазик по инсталацијата.




Првата апликација за синтеза на природен глас и говор на македонски јазик наречена Кико

УНДП објави повик за проекти на меѓуопштинска соработка во рамките на проектот „Пресврт на кризата со КОВИД-19: општините како двигатели на одржлив развој". Во соработка со Бирото за регионален развој и Министерството за локална самоуправа, УНДП поддржува иновативни иницијативи за воспоставување меѓуопштинска соработка на различни теми како што се финансиско управување, животна средина, намалување на ризикот од катастрофи и други теми поврзани со локалниот и регионалниот развој. За да се ублажат последиците од кризата со КОВИД-19, се очекува поддржаните проекти да ги приближат дигиталните решенија за подобри општински услуги до граѓаните, особено до ранливите групи. Со спроведувањето на проектите ќе се постави основа за промоција на меѓуопштински практики и политики во Северна Македонија. Проектните средства (350.000 американски долари) се обезбедени од УНДП и Бирото за регионален развој.

Надоврзувајќи се на досегашните достигнувања, проектот на УНДП „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти" ќе биде поддржан со дополнителни 471.000 американски долари од Шведската агенција за меѓународна развојна соработка. Оваа дополнителна поддршка ќе овозможи проширување на проектот во општините, регионалните центри и јавните здравствени установи, заради изготвување комплетна техничка документација за приоритетни проекти за развој на инфраструктурата. Како дел од Фондот за техничка документација поддржан од проектот, 47 општини, два регионални центри и девет болници ќе добијат техничка документација што е од суштинско значење за обезбедување средства од различни владини, донаторски и други извори за важни инвестиции. Техничката документација е првиот чекор кон имплементација на комплексни инфраструктурни проекти што ќе резултираат со општо подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

УНДП, во соработка со партнерите од Министерството за внатрешни работи, ја заврши втората фаза од развојот на нов систем за управување со полициски информации (ИМС): Модул за евидентирање инциденти, документи и активности (ИРДАМ), како дел од проектот „Подобрување на националните практики за мало и лесно оружје и градење отпорни заедници". Полицискиот ИМС ќе биде дизајниран да ги поддржува полициските активности, истовремено обезбедувајќи клучни информации што ќе им помогнат на носителите на одлуки да ги идентификуваат и поефективно да се борат против престапниците, криминалните жаришта и злосторствата што обично предизвикуваат загриженост во јавноста.

Проектот на УНДП за зајакнување на општинските совети ја прошири употребата на својата електронска контролна табла од 24 на 36 општини, во соработка со Министерството за финансии. Онлајн-контролната табла со финансиски податоци беше развиена во 2016 година за општините да ги објавуваат своите приходи, расходи, обврски, годишни и квартални финансиски извештаи, што доведе до зголемена фискална транспарентност на локално ниво, како и до подобрување на граѓанскиот мониторинг над буџетските процеси во општините. Според најновата проценка на јавните расходи и финансиската отчетност спроведена во партнерските општини, има значително подобрување на јавните расходи и финансиската отчетност на општините вклучени во проектот од 2017 година, благодарение на сеопфатната Програма за развој на капацитетите реализирана со над 250 општински советници.

УНДП, заедно со претставниците на девет општини од Полошкиот регион, работи на чистење на речните корита и одводните канали, воспоставување системи за рано предупредување, оперативни планови за заштита од поплави и паметни решенија за урбана отпорност. Како дел од овие напори, на 14-15 јули се одржа дводневна работилница на проектот „Мрежа за заштитен и отпорен Полог" финансиран од Швајцарија, со заклучок дека интегрираниот пристап и заедничката акција се клучни за успешно справување со ризиците од поплави и други природни катастрофи.

На почетокот на јуни, **Фондот за деца на Обединетите нации (УНИЦЕФ)**, во партнерство со УСАИД и Фајнанс тинк, објави ажурирана анализа на социо-економските ефекти на КОВИД-19 врз децата , првично презентирана во јули 2020 година. Иако владините социо-економски мерки за КОВИД-19 – и особено социјалните трансфери – го ублажија ефектот врз екстремната сиромаштија кај децата, повеќе деца живеат под просечниот животен стандард во земјата. Се предвидува дека КОВИД-19 во голема мера ќе влијае на сиромаштијата кај децата: се предвидува дека релативната сиромаштија ќе се зголеми од 27,8 проценти пред пандемијата на 32,4 проценти по пандемијата, што ќе доведе до дополнителни 19.000 деца под прагот на релативната сиромаштија. Сепак, прилагодените и проширени парични трансфери многу придонесоа за намалување на бројот на деца кои живеат во екстремна сиромаштија, од 1,5% на 0,6%. Како и да е, загрижува тоа што околу 27% од семејствата со право да ги искористат олеснетите критериуми за пристап до клучна социјала помош против сиромаштијата (гарантирана минимална помош) не ја користат ваквата помош. Понатаму, нарушувањата на услугите за социјална заштита и образование и намалената побарувачка за здравствени услуги ги ставаат децата во дополнителен ризик додека трае пандемијата. Истражувањето на педијатрите покажа намалување на обемот на работа за време на КОВИД-19, претежно поради стравот на родителите и децата од зараза со КОВИД-19 кога се во медицински установи. Анализата укажа на потребата од дополнителни мерки и политики, вклучително и обезбедување континуитет во олеснетиот пристап до клучна парична помош за борба против сиромаштијата; подготовка за безбедно отворање на училиштата; повеќе инвестиции во капацитетите на училиштата за одговор на предизвиците со менталното здравје; намалување на дигиталниот јаз во образованието, особено за најранливите, каде спаѓаат и децата со попреченост; целосно враќање на детската заштита – вклучително и услуги за превенција од насилство; воведување дополнителни мерки за зголемување на јавната доверба и побарувачката за услуги, заедно со поддршка за менталното здравје; подобрување на опфатот, информираностаи и поддршката на потенцијалните корисници за пристап до парична помош.

УНИЦЕФ ја заврши бихевиоралната студија за ниската стапка на вакцинирање против мали сипаници, заушки и рубеола (ММР). Беа изработени три прототипни постери со информации и често поставувани прашања кои ќе бидат дистрибуирани низ земјата на местата за имунизација. Активностите ќе бидат евалуирани следната година за да се оцени ефектот од интервенциите врз клучното целно однесување: во врска со навремено примање на вакцината ММР1, за да се разбере дали интервенцијата е исплатлива и да се поддржи нејзиното проширување.

Како дел од Перинаталниот главен план 2030, развиен во соработка со Светската здравствена организација (СЗО) и УНФПА во 2020 година, од страна на УНИЦЕФ беа изработени наставни програми за обука, погодни за стручните лица во перинатална заштита од високо и средно ниво (гинеколози/неонатолози/акушерки/медицински сестри). Триесет здравствени работници на одделенијата за неонатологија во секундарната здравствена заштита беа обучени за антенатална грижа базирана на докази, принципи на перинатална грижа според ризикот и критериуми за упатување на мајки и новороденчиња.

На 25 јуни, УНИЦЕФ организира консултативна средба со засегнатите страни заради дискусија околу првиот нацрт на стратегијата за комуникација за ризици и планот за вклучување на заедницата (ПВЗС). На консултацијата се собраа Владата и партнерите за развој, практичарите и граѓанскиот сектор, со што се овозможи натамошно обликување на нацрт-стратегијата ПВЗС. Документот ќе биде официјално споделен со партнерите од Владата заради разгледување и усвојување.

Во поддршка на тековната реформа во основното образование, УНИЦЕФ, во соработка со Бирото за развој на образованието, обезбеди приспособена обука за над 3.000 наставници околу методи и техники за планирање и спроведување на новите наставни програми.

Како дел од програмата на УНИЦЕФ за еколошка едукација, меѓу 28 јуни и 9 јули, 32 наставници од основни училишта и 28 воспитувачи во градинки поминаа 10-дневна обука за искуствено учење и интеграција на еколошките концепти во наставата. Примарната цел беше на просветните работници да им се обезбедат примери за тоа како науката за животната средина и климата може да се интегрира во наставата во раните години/во основно училиште со помош на искуствено и истражувачко учење. Содржините што добија посебен фокус беа вода, топлина, атмосфера и почви.

Како дел од СИНЕДЕЈС, фестивалот на европски филм, УНИЦЕФ и партнерите поддржаа филмска програма за теми од животната средина и климатските промени, продукција на кратки документарни видеа од млади за теми поврзани со вода, воздух, отпад, храна и климатски промени, како и други активности за младинско ангажирање и подигање на свеста за животната средина и климатските промени.



Филмови за климатски промени на CINEDAYS

По успешното завршување на обуката на обучувачи за образовните асистенти, беше организирана коучинг-сесија со триесет обучувачи од страна на УНИЦЕФ. Коучинг-сесиите се фокусираа врз стратегии за обука и фацилитација. Тие нудат одлична можност за осврт кон празнините во знаењето и разбирањето, и обезбедуваат простор за дискусии и размислувања на обучувачите.

На 14 јули 2021 година, беше промовиран прирачник за семејствата на деца со нарушувања од аутистичниот спектар „Живот со аутизам – предизвици и стратегии за поддршка", со придонес на **Фондот за население на Обединетите нации**

**(УНФПА)** и поддржан од г-ѓа Елизабета Ѓорѓиевска, сопруга на претседателот на Северна Македонија. Настанот беше во организација на Институтот за рехабилитација на слух, говор и глас Скопје и скопската Универзитетска клиника за психијатрија.

Приклучувајќи се на 33 други земји, Северна Македонија е најновата земја што ја усвои кампањата на УНОДЦ „Сино срце“ во напорите да се справи со трговијата со луѓе. Објавена за време на седницата на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, кампањата „Сино срце“ сега е централен елемент на поттикот за подигање на свеста во Северна Македонија со цел да се стави крај на овој криминал и да се заштитат најпогодените. Како глобална иницијатива за подигање на свеста околу борбата против трговијата со луѓе и нејзиниот ефект врз општеството, кампањата „Сино срце“ се стреми да ги охрабри владите, граѓанскиот сектор, приватниот сектор и поединците да дејствуваат и да помогнат во спречувањето на овој грозоморен криминал.

УНОДЦ беше домаќин на Форум на министерско ниво, на кој министрите за правда, министрите за внатрешни работи, замениците-министри, државните секретари и шефовите на агенции за борба против корупцијата од шесте јурисдикции на Западен Балкан, официјално го одобрија Регионалниот патоказ за борба против корупцијата и нелегални финансии за Западен Балкан. Главните посочени области на работа се јавните набавки, подобрувањето на системите за обелоденување на имотот, приходите и интересите, и создавање специјализирана мрежа на обвинители, единици за прогон и финансиско разузнавање, кои ќе се фокусираат врз целни криминални типологии. Патоказот е дел од Берлинскиот процес (БП) за Југоисточна Европа.

Програмата за контрола на контејнери (ЦЦП) на УНОДЦ-СЦО организираше циклус од теоретски обуки за царинските службеници и граничните полицајци кои ќе бидат дел од меѓуагенциската група што ќе се формира на Меѓународниот аеродром во Скопје. Реализирана онлајн, тридневната Основна теоретска обука (дел 2) обезбеди преглед на техники за профилирање и таргетирање, откривање шверц на недозволена стока, безбедност на авионскиот товар и други теми опфатени во претходната обука. Оваа обука беше спроведена во рамките на заедничката активност на ЕУ-УНОДЦ за унапредување на владеењето на правото и доброто владеење преку насочени мерки за контрола на границите на пристаништата и аеродромите, финансирана од Европската унија.

УНОДЦ одржа работилница за усогласување на судската пракса во Северна Македонија. Десет судии и претседатели на судови низ земјата беа запознаени со анализата на УНОДЦ на пресуди за кривични дела од недозволено изработување, држење и трговија со огнено оружје. Презентацијата и дистрибуцијата на анализата на судски предмети на локално ниво ќе биде проследена со регионални средби, со цел да се постигне поголема усогласеност на судската пракса на регионално ниво и да се поттикне размената на искуства меѓу судиите во регионот на Западен Балкан.

Македонското здружение на млади правници (МЗМП) во соработка со Здружението на новинари на Македонија и **Високиот комесаријат на Обединетите нации за бегалци (УНХЦР)** објавија Јавен повик за награда за професионално известување околу состојбата на бегалците и лицата без државјанство во Северна Македонија за 2020 година. Овие награди се доделуваат секоја година од 2015 година наваму.

УНХЦР изработи видеа од активности што вклучуваат бегалци и баратели на азил, како дел од одбележувањето на Светскиот ден на бегалците (20 јуни). Организиран е турнир во пинг-понг и автобуска прошетка низ Скопје заедно со бегалците и партнерите, давајќи можност да се одбележи денот со најзасегнатата популација.

УНХЦР објави Јавен повик за предлози од заинтересирани даватели на услуги со релевантна експертиза за иновации во јавниот сектор, предвидливост и стратешки дизајн, заради информирање и поддршка на процесот на институционализирање партиципативно, иновативно и напредно планирање и развивање политики во националните институции и сите актери на општеството во Северна Македонија. Ангажманот е дел од заедничката програма (ЗП) „Миграциски дискурс, политика и планирање базирано на докази“ финансирана од Мулти-партнерскиот фонд за миграција на ОН, чија цел е да ги поддржи националните институции во развојот на добро управување со миграцијата во Северна Македонија преку подобар иновативен миграциски дискурс и развивање политики базирани на докази и податоци. ЗП ја спроведуваат **Меѓународната организација за миграција (ИОМ)**, УНФПА и УНХЦР.

Важноста на квалитетни, достапни, расчленети, сигурни и навремени податоци за информирање на политиките, активностите и јавното мислење за миграцијата е добро препознаена и истакната во повеќе меѓународни рамки, вклучувајќи го и Глобалниот договор за безбедна, уредна и законска миграција. Како клучен интересент за податоци сам по себе, но и како координатор и секретаријат на Мрежата на Обединетите нации за миграција, ИОМ е во уникатна положба да помогне при остварување на овие цели во врска со податоците за движењето на луѓето. Како дел од ЗП, ИОМ ги поддржува властите на Северна Македонија во зајакнување на системите за собирање, анализа и дистрибуција на официјални и веродостојни статистички податоци за миграцијата. Во 2021 година, беше изработен Националниот патоказ за миграциска статистика, заедно со Државниот завод за статистика и Министерството за внатрешни работи. Патоказот е стратешки документ со насоки, којшто претставува преглед на актуелните системи и практики околу миграциската статистика во земјата, вклучувајќи ги потребите и предизвиците, а обезбедува и временска рамка ориентирана кон решенија во насока на целосна хармонизација со стандардите на ЕУ за миграциска статистика.

На 23 јуни, ИОМ ја организираше последната во серијата работилници насочени кон финализирање на Патоказот, кој се очекува да биде потврден и одобрен од националните власти до септември 2021 година, по што ИОМ ќе обезбеди поддршка за операционализирање на дадените препораки и решенија во документот. Со поддршка на Европската унија и во контекст на процесите за пристапување во ЕУ, ИОМ е вклучен во слични сеопфатни активности за поддршка на миграциската статистика низ целиот Западен Балкан.

Неколку активности за градење капацитети и споделување знаења беа организирани во рамките на проектот на **UN Women** „Промовирање на родово-одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“, финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка и Шведската агенција за меѓународна развојна соработка:

• Заедно со парламентарната комисија за еднакви можности, Клубот на пратенички, Комисијата за финансирање и буџет и Парламентарниот институт, UN Women потпомогна тематска средба за родова проценка на политиките и законите, и за улогата на Парламентот како надзорен механизам.

• Здружението на единиците на локална самоуправа (ЗЕЛС) организираше Форум за размена на општински практики околу вклучување на родовите аспекти и примена на родово-одговорното буџетирање на локално ниво, собирајќи градоначалници и општински службеници од целата земја.

• Партнерските општини на UN Women разменија иновативни идеи и локални практики за инвестирање во одржливи и родово-одговорни социјални услуги за време на дводневната работилница организирана како дел од програмата за континуирана обука и менторство за родово-одговорно буџетирање.

• Државниот завод за ревизија и UN Women ја продолжуваат соработката при јакнење на капацитетите на Државниот завод за ревизија околу родово-одговорното буџетирање. 34 ревизори од ДЗР се здобија со знаења за вклучување на родовата перспектива во процесите на ревизија и процена на родовото влијание врз политиките и регулативата.

• Градоначалниците и претседателите на општинските совети од Северна Македонија имаа можност да дознаат за импресивната работа на Општина Бар, Црна Гора околу поддршката на претприемништвото и економското јакнење на жените при студиската посета организирана од ЗЕЛС.

• Акција Здруженска, со поддршка од UN Women во рамките на проектот за родово-одговорно буџетирање, организираше тридневна работилница за вмрежување на претставниците од девет активистички организации и жени од 20 рурални заедници.

Канцеларијата на UN Women во Северна Македонија учествуваше во регионалната иницијатива „Мурален активизам: уривање на ѕидовите на родовата нееднаквост“.

Канцеларијата на UN Women ги поддржа комуникациските напори при обраќањето на претседателот на Северна Македонија, Стево Пендаровски, на Форумот за генерациска еднаквост во Париз. Претседателот, како лидер на земјата, ги објави националните обврски во Акционата коалиција за телесна автономија, сексуални права и репродуктивно здравје.

МЗМП, партнерска организација на UN Women во рамките на Регионалната програма за елиминација на насилството врз жените со која се применуваат норми што го менуваат мислењето, организираше завршен настан за нивниот проект „Креирање култура кон родова еднаквост“, каде 240 ученици и 18 вработени во средни училишта беа оспособени да работат како заговорници против штетните родови стереотипи, насилството врз жените и семејното насилство.

Три локални мултисекторски групи за преживеани од насилство беа формирани во Струмица, Штип и Велес за да се обезбеди редовна соработка и квалитет на услугите што им се даваат на преживеаните од насилство врз жените. Овој процес беше поддржан од ХЕРА, партнерска организација на UN Women во рамките на Регионалната програма за елиминација на насилството врз жените со која се применуваат норми што го менуваат мислењето.

UN Women и другите партнери на ОН поддржаа организирање на панелот „Жени, мир и безбедност – перспектива од Западен Балкан“ како дел од Форумот за дијалог во Преспа, во кој учествуваа г-ѓа Радмила Шекеринска, министерка за одбрана, г. Мирослав Јенча, помошник-генерален секретар на Обединетите нации за Европа, Централна Азија и Америка и други достоинственици од регионот. Тие разговараа за тоа како да се обезбеди родова еднаквост, рамноправност и изедначеност преку унапредување на жените во агендата за мир и безбедност на Западен Балкан и напредок на жените во сите сфери на безбедносниот сектор.

UN Women учествуваа на првиот регионален состанок на земјите од Западен Балкан, за да разговараат за поддршката што им се дава на националните влади во врска со капацитетот за родова еднаквост, процесите на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) и следните чекори.

Официјално започнаа работите на терен за расчистување на линданот во малата депонија на поранешната фабрика ОХИС. Комплексната операција е координирана активност на Владата на Северна Македонија, Министерството за животна средина и просторно планирање, **Канцеларијата на ОН за проектни услуги (УНОПС)** и **Организацијата за индустриски развој на ОН (УНИДО)**, кои ги здружија силите за да ги координираат операциите на терен што ќе се спроведат во согласност со националните и меѓународните стандарди. Во ова партнерство, УНОПС управува со Мулти-партнерскиот фонд за животна средина, формиран заради мобилизирање национални и меѓународни ресурси за расчистување на оваа локација и олеснување на донаторската

координација. Се очекува активностите на расчистување да завршат до јули 2022 година.



Расчистување во поранешната фабрика ОХИС

УНОПС организираше теоретска и практична обука за вработените во канцеларијата на Народниот правобранител околу принципите и техниките на водење истраги и спроведување ефективен распит. Обуката се фокусираше врз механизмите за заштита на правото на живот и слобода од тортура, членови 2 и 3 од Европската конвенција за човекови права.

**СЗО Северна Македонија** собра над 80 претставници од Министерството за здравство, Институтот за јавно здравје, УСАИД, Светска банка, субјектите на ОН, амбасадите, лекарските здруженија, невладините организации и другите партнери од широка низа сектори, со цел да се претстават и да се дискутираат наодите од „Квалитативната студија на здравствените работници за вакцинација против КОВИД-19 во Северна Македонија" и „Последниот круг од студијата за увид во однесувањето при КОВИД-19 во Северна Македонија". Разбирањето на перспективите на здравствените работници и широката јавност во врска со вакцинацијата против КОВИД-19 е клучно за ефективно креирање политики околу справување со пандемијата.

СЗО и УНИЦЕФ Северна Македонија заеднички ја спроведуваат кампањата за комуникација за ризици „Летно чувство". Со цел да се намалат ризиците од инфекција на луѓето со КОВИД-19 во текот на летото и да се избегне наплив на нови случаи, кампањата се фокусира на пет области: патувања и туризам, спортски настани, живот на отворено (социјални собири, фестивали, свадби, одмор на плажа), однесување на вакцинираните лица, училиштата и универзитетите.

Со техничка експертиза од Балканскиот центар на СЗО, СЗО организираше дводневна консултативна работилница за 32 учесници од Институтот за јавно здравје, Министерството за здравство, регионалните центри за јавно здравје, Управата за е-здравство, Институтот за епидемиологија и други, заради подобрување на функционалноста на Центарот за итни јавно-здравствени операции (ЦИЈЗО) и јавно-здравствената мрежа. Функционален ЦИЈЗО игра витална улога при координирање на партнерите коишто први реагираат на закани и вонредни состојби за јавното здравје.

# ВО ФОКУС **Шар Планина**

Со досега идентификувани околу 6.000 различни видови флора и фауна, од кои 220 се ендемични, многу глацијални езера и околу 40 врвови со над 2.500 метри, Шар Планина со право многу долго време го привлекува интересот на научниците, планинарите, љубителите на природата и зимските спортови и други. Таа е дом за критично загрозениот балкански рис (од кој се останати околу 35 единки). Тука се сместени околу 20.000 луѓе од различна етничка припадност населени во 30 села, како и ресурси што обезбедуваат егзистенција за многу други.

Меѓутоа, интензивната и неконтролирана експлоатација на планината доведе до нарушување, па дури и до уништување на живеалиштата. Нелегалната сеча и несовесната градба го еродираа планинскиот венец, што доведе до зголемена фреквенција на поплави. Како резултат на тоа, љубителите на природата, месното население, експертите и разни институции поврзани со природата, низ децениите водеа битка за легална заштита на планината како национален парк, што парламентот на Северна Македонија го реализира на 1 јули 2021 година.

Програмата на Обединетите нации за животна средина (УНЕП), во последниве 15 години, поддржува зачувување на природата во Северна Македонија преку разни проекти. Притоа, УНЕП ја препозна важноста на иницијативата за заштита на Шар Планина и активно учествуваше во процесот. Во последниве пет години, УНЕП спроведува проект финансиран од Глобалниот еколошки фонд, со цел постигнување подобра заштита на биолошката разновидност. Овој проект придонесува за остварување на глобалните рамковни цели на земјата за биолошка разновидност по 2020 година според Конвенцијата за биолошка разновидност. Исто така, придонесува кон исполнување на националните обврски што произлегоа од потпишувањето на Софиската декларација – таканаречената Зелена агенда на ЕУ за Западен Балкан. Но, најважниот придонес е оној за луѓето и природата на Северна Македонија. Еден од резултатите на проектот е прогласувањето на Шар Планина за национален парк.

**Процес: чекор по чекор**

Процесот за прогласување на Шар Планина за национален парк наложи опсежни истражувања за природните и социо-економските вредности на планината. Тие беа преточени во две сеопфатни студии. Социо-економска студија, чија изработка беше финансиски поддржана од италијанското Министерство за животна средина, копно и море, а која имаше својство на дополнителен документ што се користи за пополнување на релевантните аспекти од главната студија за валоризација – официјален документ што ја сочинува основата за процесот на прогласување. Околу 70 национални експерти работеа на изработката на студијата, која беше поднесена заедно со иницијативата за прогласување на Шар Планина за национален парк до Министерството за животна средина и просторно планирање. Откако беа доставени иницијативата и студијата, МЖСПП го продолжи процесот, поднесувајќи иницијатива за прогласување на Националниот парк Шар Планина до Владата и до сите надлежни институции. Во мај 2020 година, Владата ја прифати иницијативата и побара таа да се усогласи со ставовите на сите институции. Потоа следуваше процес на преговори со сите чинители, при што МЖСПП и УНЕП, заедно со неколку клучни експерти, разговараа за сите проблеми со засегнатите страни. По официјалната јавна расправа, предлогот беше прилагоден според добиените коментари. Беше спроведена јавна кампања во две фази, па луѓето знаеја за промените и следните чекори. На крајот, одлуката за прогласување национален парк ја донесе Собранието на Северна Македонија.

**Каква промена ќе донесе националниот парк?**



Формирањето на Националниот парк Шар Планина во Северна Македонија значи дека сега е на место последниот дел од сложувалката за едно од најголемите прекугранични заштитени подрачја во Европа. Со одобрување на новиот национален парк од 627 квадратни километри, сега е воспоставено прекугранично заштитено подрачје со вкупна површина од околу 2.400 квадратни километри.

Со ваквата одлука, покрај создавање можност за заштита и зачувување на биолошката разновидност и сите природни вредности, се презема обврска за одржливо користење на природните ресурси и се отвораат нови можности за развој на алтернативни форми на туризам и промовирање на регионот.

Но, самото прогласување не е доволно за да се обезбеди зачувување на природата и одржлив социо-економски просперитет. За правилно управување со паркот, има потреба од правилно планирање. Во оваа смисла, а и во рамките на истиот проект на ГЕФ, веќе се подготвува Предлог-план за управување. При неговата изработка, УНЕП, МЖСПП и експертскиот тим, предводени од Меѓународната унија за заштита на природата, дискутираат за идното управување со природните ресурси и за стопанските дејности во паркот со сите засегнати страни. Планот за управување треба да даде вкупна слика за она што е дозволено и забрането во различните зони на Паркот. Но, на новоформираното тело за управување со паркот ќе му треба дополнителна поддршка во сите аспекти на управување со територијата. Месното население што живее таму, исто така, ќе има потреба од насочување околу користење на можностите што ги нуди заштитеното подрачје. УНЕП во моментов се обидува да обезбеди средства за други проекти што ќе го поддржат телото за управување и ќе им помогнат на локалните луѓе и заедници да напредуваат.

Прогласувањето на националниот парк е огромен чекор за Северна Македонија, бидејќи последниот национален парк во земјата бил формиран пред повеќе од 60 години. Тоа е достигнување што треба да го поздрават и да го прослават сите вклучени страни. Но, исто така, претставува и директна обврска за сите луѓе кои се некако поврзани со нејзините природни богатства, за дополнително зацврстување на напорите за заштита и зачувување на богатствата, флората и фауната на Шар Планина.

**Links:**

https://www.unep.org/news-and-stories/press-release/missing-piece-puzzle-shar-mountain-national-park-approved

https://www.euronatur.org/en/what-we-do/endangered-species/lynx/lynxes-in-europe/projects/balkan-lynx/

The latest version of the Sustainable Development Bulletin is available on UN North Macedonia website. For additional information, please contact rc-northmacedonia@un.org. Produced by the UN Resident Coordinator's Office in North Macedonia | 10 June 2021

**www.un.mk**